ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ / CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES EUROTHINK eurothink.mk

НВО ИНФОЦЕНТАР

ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ (АЕК),
## ЈУЛИ – СЕПТЕМВРИ 2018



## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

**01**
Транспарентноста и отчетноста на АЕК се обезбедени во поголем дел, со техничка и содржинска базичност.

**02**
Записниците од трите состаноци беа објавени во законски предвидениот рок.

**03**
Регулаторот се уште ги нема објавено биографиите на членовите на Комисијата, како и на директорот.

**04**
Со измените и дополнувања на Финансискиот план за 2018, АЕК за изградбата на антенскиот систем на Водно намени 87.756.568 денари.

**05**
Со измените на Финансискиот план, прераспределени се 125.275.193,00 денари, од кои 70% (87.756.568,00 денари) за изградбата на антенскиот систем на АЕК.

British Embassy Skopje

Funded by UK Government

PROformance WATCH II

Овој инфографик е подготвен во рамки на проектот „Мониторинг на ефикасноста, ефективноста, транспарентноста и одговорноста на регулаторните тела за медиумите – PROformance Watch II“ финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

## ЕФЕКТИВНОСТ И НЕЗАВИСНОСТ

**01** Независноста на АЕК од политичко-економските центри на моќ е клучен предизвик за натамошното функционирање на регулаторот, како и за развојот на електронските комуникации.

**02** Европската Комисија, во последниот извештај за Македонија нотираше загриженоста за способноста на регулатор за независно работење.

**03** АЕК, во јули, го објави годишниот извештај за развој на пазарот на електронски комуникации во Република Македонија за 2017 година.

**04** Според извештајот за јавното мислење на АЕК, иако 60%од испитаниците знаат за регулаторот, речиси 70% од граѓаните немаат информации за постапката за поднесување барање за решавање спор до АЕК.

**05** Препорачуваме подобро информирање на јавноста за надлежностите на АЕК.

## ПЕРФОРМАНСИ И ИЗВРШУВАЊЕ

**01** Бројот на вработените лица во АЕК, не е ист со листата на вработени објавена на интернет-страницата.

**02** АЕК се ориентира кон општи стандарди за контрола на квалитет, а не кон меѓународни стандарди за квалитет, применливи во регулаторните тела.

## ЈАВЕН ИНТЕРЕС

**01** Сѐ уште не е воведен бројот 112 за итни случаи, и покрај препораките на Европската Комисија во последните 10тина години.

**02** Во континуитет, веќе шеста година по ред, Европската Комисија (ЕК) ја нотира загриженоста околу проблематичното трошење на средства од буџетот на АЕК, за како што велат политички цели, и апелира средствата на АЕК да се употребуваат исклучиво за регулаторни и мониторинг активности во областа на електронските комуникации.